РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-842/11
19-11-2024

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предметот оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10-тата седница одржана на 08.11.2024 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот заведен под број 09-842/1 од 21.02.2024 година против службеното лице ------------------, директор на ООУ --------------- , **СЕ ЗАПИРА.**

**СЕ КОНСТАТИРА** дека службеното лице -------------------- има извршено уплата на пропишаната глоба по издадениот прекршочен платен налог за констатиран прекршок согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**ДА СЕ ПОДНЕСЕ** Иницијатива до Градоначалникот на Општина ---------- за поведување постапка за утврдување на одговорност на службеното лице ------------------, директор на ООУ „ -------------------- за сторена повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-842/1 од 21.02.2024 година е оформен по доставено барање за постапување од Здружението Транспаренси Интернешнл Македонија по поднесена пријава од непознат пријавувач против службеното лице ------------------, директор на ООУ ------------------------ , со наводи дека истиот вработил свои блиски лица во истото училиште и тоа: неговата сопруга и сестрата на сопругата.

Заради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичката состојба, ДКСК со писмено Барање бр. 09-842/2 од 26.04.2024 година се обрати до ООУ -------------------- за добивање на информации и документација за постапката за вработување на лицето -------------------------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК се обрати и до Државниот просветен инспекторат со Барање за вршење на инспекциски надзор во ООУ --------------- со бр. 09-842/4 од 27.06.2024 година, во врска со вработувањето на ---------- (сопруга на директорот) и лицето --------------------- (сестра на сопругата на директорот).

Од доставената документација од страна на ООУ ------------------------------------ , ДКСК утврди дека од страна на директорот на истото училиште е донесена Одлука за објавување на Јавен оглас за засновање на работен однос за наставен кадар на определено работно време до 31.08.2024 година, со бр. 04-379/1 од 30.12.2023 година. Врз основа на споменатата одлука, бил распишан јавен оглас за вработување.

Директорот на ООУ „ ----------------------, ------------------------, донел Одлука бр. 04-22/1 од 22.01.2024 година, за прием на кандидати по објавен оглас, каде помеѓу другите кандидати е примено лицето ------------------------------------, како наставник по предметите Јазик и култура на Бошњаците 2 часа и училишен оркестар 3 часа. На ден 22.01.2024 година под бр. 04-15/2 е склучен Договор за работа (на определено време) помеѓу ООУ ------------, застапуван од директорот --------------- и лицето -------------------.

Видно од доставениот допис од ООУ „ -------------------- ДКСК утврди дека директорот ------------------------------------ потврдува дека лицето што е вработено на огласот -----------------------, е сестра на неговата сопруга. Од писмен допис доставен од Државниот просветен инспекторат до ДКСК бр. 09-842/5 од 06.08.2024 година се утврди дека лицето --------------------- е исто лице со -----------------.

Во однос на извршениот вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат беше доставено писмено Известување со бр. 09-842/5 од 06.08.2024 година со прилог Записник бр. ИП1 0901/12-25 од 20.02.2024 година. Со Записникот е констатирано дека на денот на извршениот надзор се вработени 14 наставници на определено работно време, меѓу кои е и лицето ------------------------, вработена со Договор бр. 04-12/2 од 22.01.2024 година за вработување на определено работно време најмногу до 31.08.2024 година на работно место наставник по одделенска настава на албански јазик со 40 р.ч.н. и реализира настава по: – одделенска настава на албански јазик со 20 н.ч.н. во IV – Б и лицето ------------------------ вработена со Договор 04-15/2 од 22.01.2024 година за вработување на определено време најмногу до 31.08.2024 година, на работно место наставник по: предметот јазик и култура на Бошњаците на македонски јазик со 2 н.ч.н. и училишен оркестар со 3 н.ч.н. и реализира настава по: јазик и култура на Бошњаците на македонски јазик со 13 н.ч.н во VI – А и оркестар со 3 н.ч.н..

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во однос на спроведената постапка за вработување на наведените лица, Државниот просветен инспекторат констатирал дека не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор, по што врз основа на член 83 став 5 од ЗИН постапката се запира.

Согласно се претходно наведено и констатираната фактичка состојба, ДКСК утврди дека службеното лице ------------, директор на ООУ--------------------------- постапил спротивно на член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси со што сторил прекршок казнив по член 107 став 1 алинеја 1 и 2 од истиот закон, на начин што не пријавил дека има приватен интерес при вработување на блиски лица и не се изземал во постапката за вработување на истите.

Во врска со вработувањето на лицето ------------, ДКСК согласно со своите законски надлежности, за констатираниот прекршок од страна на службеното лице --------------- состави Записник со бр. 09-842/7 од 12.09.2024 година и издаде Прекршочен платен налог со бр. 09-842/8 од 12.09.2024 година и во врска со вработувањето на лицето --------------- за констатираниот прекршок од страна на службеното лице ----------------- ДКСК состави Записник со бр. 09-842/5 од 12.09.2024 година и издаде Прекршочен платен налог со бр. 09-842/6 од 12.09.2024 година.

На ден 27.09.2024 година со допис заведен со бр.09-842/9 и 09-842/10, лицето ----------------- до ДКСК достави доказ за уплата на пропишаната глоба за двата сторени прекршоци.

Врз основа на погоре наведеното, имајќи предвид дека е констатирано дека службеното лице ------------------------ при извршување на своите службени овластувања и должности се нашло во состојба на судир на интереси, ДКСК согласно со член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ќе поднесе Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност против директорот на ООУ ------------- до градоначалникот на општина --------- како надлежен орган кој врши негово именување.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК
Изготвил: М.М.– соработник
Контролирал: К.З – раководител
Одобрил : С.С.М. – член на ДКСК